**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3935/**

# З А П И С Н И К

**Од 188.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 08.06.2022 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

***188.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на записникот 187.седница на Програмски совет на МРТ.

**2.** Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-3447/2 од 20.05.2022 година.

**3.** Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.

**4.** Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 187.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 187.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 187.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 187.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-3447/2 од 20.05.2022 година.**
Согласно барањето од страна на Програмскиот совет на МРТ со бр.02 3447/2 од 20.05.2022 година, во кое се бара анализа при организирањето на Евровизија, од страна на шефицата на Евровизиската делегација беше доставен извештај со анализа на пресек земен од изминатите десет години,во кои тимот задолжен за реализација на проектот Евровизија е генерално променлив, односно Програмскиот колегиум на МТВ1 секоја година одново формира тим - работна група која ги извршува работните задачи.
На крајот од анализата беа дадени и заклучоци за поуспешно претставување на МРТ и Македонија на најголемиот музички настан во Европа, МРТ веднаш треба да пристапи кон решавање и носење на следните решенија:
-Стратегија – Уште во септември, со самата Апликација за учество, потребно е формирање тим за реализација на проектот (освежување и проширување на работната група), избор на модел по кој ќе се избере учесникот за следната година согласно визијата и можностите на МРТ.
-Финансии – Потребен е навремен (септември), стабилен и по можност зголемен буџет.
-Човечки ресурси – Евровизискиот проект подразбира огромен ангажман во исполнување на обврските кои како задачи доаѓаат од ЕБУ, а од страна на МРТ на проектот работи исклучително мал тим, кој покрај Евровизија има бројни, дополнителни ангажмани во реализација на програмата на МРТ и не е посветен само на Евровизија.
-Маркетинг и продажба на проектот – согласно донесените одлуки за реализација, веднаш да се пристапи кон исполнување на таргетираните цели.
-ПР служба – Формирање на ПР служба од страна на МРТ, која во овој случај ќе биде во корелација со сите инволвирани субјекти во проектот и која ќе работи во насока на подобрување на имиџот на проектот и на МРТ.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац во врска со анализата на Мери Попова истакна дека ваквата анализа изгледа многу солидно но со една забелешка,односно тоа дека ние како совет баравме од Директорот на МРТ и од Директорот на МТВ да направи анализа, затоа што непосредниот носител на проектот и активностите не може сам да се оцени, и затоа треба да слушнеме мислење од Менаџментот на МРТ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац во продолжение постави прашање по одос на тоа колкави се средствата што ги доби МРТ во оваа и предходните неколку години преку продажба на маректинг блокови за Евровизија, за да видиме како се реализира потенцијалот од целиот проект.
Членот Гајур Рамадани истакана дека ова повеќе наликува на извештај на Мери Попова одколку на анализа каква што баравме ние, бидејќи за анализа треба да се изготви директно од други органи и треба да содржи кои се грешките кои се слабостите,предностите како и идни чекори кои треба да се преземат.
Ристе Панов со забелешка дека Заклучоците кои се дадени во извештајот на Мери Попова се издржани и треба да се постапува по истите, затоа што тоа е реално фактичката состојба и тоа она што недостасува по однос на Евовизија.

По однос на оваа точка беше предложен следниов Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го разгледа Извештајот на шефицата на Евровизиската делегација-Мери Попова, и го задолжува Менаџментот на МРТ да изготви сопствена анализа за Евровизија, и да достави дополнителни информации за следново:
-како планира да ги реализира заклучоците наведени во извештајот на Мери Попова,
-информација за приходите по основ на маркетинг од оваа година и предходните три години преку продажба на маркетинг блокови за Евровизија,
-информција дали се преземаа Дисцпилински мерки по членовите на Евровизиската делегација, а во врска со скандалот кој се случи во Торино.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.**
По однос на оваа точка од дневниот ред Цане Петрушевски-Раководител на Сектор ТВ Техника во врска со неколку точки од Заклучокот со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година ги даде следниве одгвори:

**1.Извештај односно анализа како се одвива реализацијата на акциониот план од Петгодишната стратегија за развој на МРТ,**

Што се однесува до реализација на Петгодишната стратегија за развој на МРТ,може да кажеме дека со постојниот буџет за инвестиции тешко ќе оди.
Се прават напори да се спроведе едната точка од стратегијата за 2022, која се однесува на замена на светлосната технологија и во големите продукциски студија со LED осветлување. Тоа ќе значи квалитет во светлосните тела, овозможување на повеќе светлосни ефекти во самата продукција, но најголема придобивка е намалувањето на потрошувачката на електрична енергија на само 10 - 15% од досегашната.
Се прават напори со повеќегодишни јавни набавки да се спроведат неколку точки од Стратегијата како приоритет на МРТ.
Во меѓувреме е распишан тендер за фотоволтаици кој по реализацијата на набавката ќе и донесе огромна заштеда на средства на МРТ.
Бидејќи државата не го исполнува законското решение за финансирање на МРТ, заради неопходноста од реализација на предвидени активности, истите ќе се реализираат со повеќегодишни јавни набавки.

**2.Информација како тече дигитализацијата во МТВ и какви се плановите за во иднина по однос на процесот на дигитализација,**
Дигитализацијата на МТВ, што се однесува на технолошкиот процес, снимање, обработка и емитување на програмските содржини на сите 8 програмски сервиси е завршена одамна и тука имаме потполно дигитализиран процес.

**3.Информација дали може да се направи ремастеринг и што е потребно да се преземе за да се направи ремастеринг,**
Малку е нејасно што би претставувал овој “ремастеринг“.
Доколку се однесува на обновување на опремата, да, дојдено е време на замена на сите уреди (поминаа речиси 10 години од имплементацијата).
Доколку се однесува на измена на “брендингот“ (визуелниот израз, изгледот на програмските содржини) на МТВ, исто така е потребна измена, но сето ова пак е поврзано со буџетот кој е на располагање.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац во врска со овие одговори истакна дека по однос на Петгодишната стратегија за развој на МРТ беше побаран одговор од Директорот на МРТ, а не од Цане Петрушески, што се однесува пак до дигитализацијата на МТВ не беше прашањето дали е сигналот дигитален тука дали архивата на МТВ е дигитализирана, и на крај за последното прашање надлежните требале да разберат дека прашуваме за лош квалитет на емисии, не сме сигурни дека ремастеринг е правилен израз но контекстот беше за тоа како да се озвежат емисиите односно стари снимки да се дигитализираат и да се подобри квалитетот за да бидат повторно гледливи.

Ајтен В. Мехмети-Директор на МРА во врска со последната точка од Заклучокот со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година го даде следниов одговор:
-Во врска со вашето барање по Заклучокот на Програмскиот Совет на МРТ од 181-та седница, одржана на ден 30.03.2022 година во која се задолжува Директорот на МРТ да обезбеди и достави информации за 10 (десет) точки, ве информирам со следното:
За десетата точка која гласи:
-Информација од Директорот на Македонското Радио дали е почната подготовка на Правилник за емитување на аудиовизуелни дела, како и примери од соседните Радио Телевизии за авторските дела објавени од вработени во јавен сервис.
Ве информирам дека имаме одлука со архивски број 03-1276/2 од 16.03.2021 год од Директор на МРТ за формирање на Комисија за утврдување на одговорност, составена од:
Анекс на оваа одлука каде се именува заменик на председател на комисијата, Наташа Георгиева.
Затоа, ве замолувам за сите информации во врска со оваа точка од Заклучокот на ПС, да се обратите до претседателот на Комисијата, г-дин Захарије Вулгаракис.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ предложи од повторно да се побара од наделжните Информацијата-Извештај колку прилози изготвиле поединечно дописниците на МТВ за 2021 година.

Седницата заврши во 12:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател